## Erasmus+ проект: **Иновативни методи во образованието и дигитална трансформација**

Во периодот од септември 2022 до август 2023 година, нашето училиште „Ѓорѓија Пулевски“ успешно го реализираше својот прв Erasmus+ проект од програмата **KA122-SCH – краткорочни мобилности за ученици и наставници во училишното образование**.

Проектот беше насочен кон модернизација на наставниот процес и професионален развој на наставниците преку примена на **иновативни методи на учење и дигитални алатки**. Главна цел беше секој наставник да стекне практични вештини и да интегрира најмалку две современи наставни стратегии во своите часови – како што се **обратно/комбинирано учење, проектно-базирано учење, користење на ИКТ и гејмификацијафика.**

### Клучни активности

- Десет наставници учествуваа на **10-дневна обука во Анталија, Турција**, организирана од CEKDEV International Education and Development Academy.
- Обуката опфати работилници, примери од добра практика и активности за развој на дигитални компетенции.
- Реализирана беше **дисеминација во нашето училиште**, каде учесниците ги споделија стекнатите знаења и искуства со останатите наставници и вработени.

### Постигнати резултати

- Зголемена примена на дигитални технологии во наставата.
- Подобрена мотивација и ангажираност кај учениците.
- Подготвени наставни планови, е-портфолија и промотивни материјали.
- Зајакната меѓународна соработка и видливост на училиштето.

- Подигната свест кај целиот наставен колектив за примена на иновативни методи.

**Влијание**

Со овој проект,училиштето направи значаен чекор кон **дигитална трансформација и интернационализација**, создавајќи наставен кадар кој е подготвен да одговори на предизвиците на 21 век. Проектот придонесе за зголемување на квалитетот на наставата, развој на критичко и креативно размислување кај учениците и подобрување на имиџот на училиштето како современа и иновативна образовна институција.









